*ОПШТИНА КАРПОШ*
**Одделение за поддршка**
**и организација на работтата на Советот**

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 63, став 5 од Законот за основото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/19 и бр.229/20), Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош Советот на Општина Карпош бр.09-2813/3 од 10.04.2019 година, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош, бр.09-2813/3 од 10.04.2019 година на следниот начин:

Во основот на Одлуката, се брише текстот „а во врска со член 46, став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и на негово место се запишува текстот:

**„а во врска со член 63, став 5 од Законот за основото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/19 и бр.229/20)“**

**Член 2**

Во член 13, по ставот 1 се додава став 2 кој гласи:
„Во постапката за упис на ученик, родителот-старателот е должен покрај останатата документација, да достави и еден од следните документи:

- документ за идентификација постар од 18 месеци од денот на издавањето на личниот документ на родителот/старателот до денот на запишувањето на ученикот со адреса на живеење во Општина Карпош, од реонот на училиштето или

- доколку документот за идентификација е понов од 18 месеци од денот на издавањето на личниот документ - до денот на запишувањето на ученикот со адреса на живеење во Општина Карпош, од реонот на училиштето, родителот/старателот треба да достави доказ за сопственост – Имотен лист за недвижноста или писмен доказ (уплатница) за стекнување со право на сопственот – недвижен имот (стан-куќа) - дека постапката за купување недвижен имот е во тек, или
- Доколку родителот/старателот нема недвижен имот во лична сопственост, со адреса на живеење во Општина Карпош од реонот каде припаѓа училиштето, а живее во реонот, во закупена недвижност, потребно е да достави Договор за закуп, во форма на исправа врз основа на која е регулирана даночната обврска за плаќање данок, односно доказ дека Договорот за закуп е уредно пријавен во Министерство за финансии-Управа за јавни приходи и задолжително да поседува личен документ за идентификација со пребивалиште (односно адреса за привремен престој) од реонот на училиштето во Општина Карпош во кое поднесува документи за упис на ученик.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош"

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов**

**Број: 09-3199/16**
**Датум:20.04.2022 година**
**Скопје**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ